# Извадок на дел од дневни настани 06.06.2020

На 05.06.2020 околу 06.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода А.Т.(37) од с. Дабниште, кавадаречко, поради тоа што при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени една ловна пушка, 17 куршуми со калибар 12 мм , 22 куршуми калибар 16 мм, 20 куршуми со ознака БТЗ непознат калибар, една метална направа за полнење куршуми. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик – „недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материјали.

На 05.06.2020 околу 13.45 часот било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Делчево, додека Д.Г.(43) од Делчево управувал трактор „ИМТ 533" со делчевски регистарски ознаки, од тракторот паднало четиригодишно дете, кое се превезувало на тракторот и кое се здобило со повреди. Детето било пренесено во Јавната здравствена установа Кочани, каде била констатирана смрт. Увид извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициската станица Делчево.

На 05.06.2020 во 11.00 во Полициското одделение Новаци, З.Ѓ. пријавил дека Т.М.(49) од с.Добромири му пријавил дека, додека работел во своето дворно место, пронашол експлозивна направа-граната. Увид бил извршен, а гранатата била подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување на понатамошна постапка.

На 05.06.2020 во 08.05 часот на регионалниот пат Мороишки мост-с.Мислодежда, поточно во с.Горно Татеши, струшко, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген пасат" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.М.(29) од с.Мислодежда, струшко и патничко возило „цитроен" со охридски регистарски ознаки, управувано од Љ.К.(51) од Кичево. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил Ѓ.М.(46)од с.Ботун, сопатник од возилото „цитроен" и бил пренесен во медицинскиот центар Струга за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 05.06.2020 околу 11.45 часот на крстосницата од регионалниот пат с.Пепелиште-с.Лакавица со улица за влез во с.Пепелиште се случила сообраќајна незгода во која учествувале Л.Д.(50) од с.Пепелиште, кој управувал велосипед и патничко возило „опел астра" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(39) од Охрид. По незгодата, велосипедистот бил пренесен во Општата болница Кавадарци каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од ОВР Неготино.

На 05.06.2020 во 14.35 часот во Полициската станица Чаир, Д.Д.(18) од Скопје пријавил дека пред игралиштето во с.Радишани бил каснат од куче скитник.

На 05.06.2020 околу 14 часот, пријавено е дека пред маркет на локален пат во охридското село Лескоец, нарушен е јавниот ред и мир со физички напад извршен од Д.П.(20) врз Т.М.(21) и нејзината 14 годишна сестра, сите од истото село. По целосно документирање на настанот, СВР Охрид ќе поднесе соодветна пријава.

На 05.06.2020 околу 15 часот, на улицата „Ристо Крле" во Струга, нарушен е јавниот ред и мир со физички напад извршен од, засега непознато лице врз Ј.Р.(38) од Струга. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 05.06.2020  Н.Т.(41) од Кичево, во полициската станица пријавила дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево, била нападната од куче скитник.

На 05.06.2020 околу 16.40 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека настанал пожар на ул.„Славчо Стојменов" во куќа во изградба, сопственост на С.Ш.(37). Во пожарот куќата целосно изгорела, а делумно била оштетена и соседната куќа, сопственост на Џ.Ш.. Повредени лица нема. Пожарот била изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Кочани. Увид извршила екипа на Полициската станица Кочани.

На 05.06.2020 околу 13.30 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека во с.Истибања, виничко, Д.Т.(53) од с.Истибања испукал два истрела со дијаболи од воздушна пушка „Норика титан" и застрелал домашни животни, сопственост на С.И.(56) од истото село. Според пријавата, после тоа Д.Т. му се заканувал на С.И.. Полициски службеници излегле на местото и било констатиранод дека Д.С. пукал неовластено од пушката која со потврда ја поседувал неговиот син. Пушката била одземена заедно со кутија со седум дијаболи калибар 4,5 мм. Д.Т. бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.06.2020 во 18.05 часот во Полициската станица Кратово, Ј.Л.(57) од Куманово пријавил дека од куќата во која живее во с.Коњух, кратовско, се оддалечила неговата сетра В.Д.(56). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет